# КАДЕ СЕ СИТЕ?

**Локација: Туристички сојуз на Скопје, Ул. Даме Груев, бл.3, бр.5 (мезанин), Скопје**
**Отворање: 16. 03. 2013, сабота / 19:00-22.00 ч.**

*Дијана Томиќ-Радевска, Мирна Арсовска, Христина Иваноска, Ивана Драгшиќ, Александар Спасоски, Оливер Мусовиќ, Игор Сековски, Борис Шемов, Симон Узуновски, Никола Узуновски, Игор Тошевски, ОПА, Ѓорѓе Јовановиќ, Филип Јовановски, Владимир Јанчевски*

Во време на драматични општествени и политички превирања, секогаш се издигнува дилемата: дали да се поставуваат прашања, или пак, е крајно време да се даваат одговори. Токму во оваа состојба на „итност" на глобално ниво, сѐ почесто се поставува прашањето за политичката улога на уметноста и нејзиниот критички однос кон прашања кои се од важност за целокупниот општествен систем. Нивното преиспитување, во име на изнаоѓање на нови вредности, неизбежно доведува до преиспитување не само на внатрешната автономност на уметничкото (како проект на модерната), туку и на автономијата на уметникот, да делува како уметник, по сопствено убедување, спремен да се соочи со сите последици. И светот на уметноста, без оглед на строгата специјализација на сопствениот дискурс, била, и е, борбено поле со силно изразени антагонизми кои најчесто се резултат на спротивставени дискурси. Тоа што во теоријата е одамна елаборирано, станува сѐ појасно и сѐ повеќе влијае и врз уметничката пракса: таа, уметноста, без разлика дали ги тематизира политичките релации, имплицитно или експлицитно е политика. Свесноста за ваквата состојба, го насочува делувањето на уметникот кон политичкото и ја отвора можноста за искористување и на ова средство за еманципација и отпор против потчинувањето од страна на сѐопфатниот општествен спектакл.

Во нашиот локален контекст, современата уметност е во постојана состојба на маргиналност, а уметникот е приморан да изнајде начин како да ги надмине антагонизмите во сопствениот домен, истовремено обидувајќи се да ги лоцира, да ги разбере и да се обиде да даде одговори и на противречностите во поширокиот општествен контекст. "Каде се сите", е прашање насочено кон можностите за дефинирање на улогата на уметничкиот чин како критички чекор свртен кон деконструкцијата на системите на моќ, но и обид за креирање на паралелени, алтернативни простори за делување. Имајќи предвид дека се срушени сите илузии дека уметноста може да биде сфатена како домен целосно издвоен од животот, "Каде се сите?" се обидува да проговори за специфичните услови во кои уметникот се обидува да го дефинира и проблематизира уметничкото во рамки на политичкиот дискурс. Оттука, неминовно се потврдува и значењето на дијалогот помеѓу уметникот и публиката, токму преку делото, имајќи ги предвид сите можни ограничувања во рамки на еден исклучително исполитизиран свет на конфронтации и поделби. Уметниците, во метафоричка смисла, отсекогаш својот приватен простор го претварале во јавен преку споделување. Но денес, кога јавниот простор и глобално и локално е под удар на корпоративниот маркетинг и политичката пропаганда, уметниците се принудени тоа да го сторат и буквално, претварајќи ги сите достапни приватни простори во јавни, еден вид заеднички арени каде индивидуалните ставови и вредности би можеле да се преиспитуваат токму преку интензивирана комуникација.

**КООПЕРАЦИЈА, Март 2013**




**КООПЕРАЦИЈА**
**се заблагодарува на Бојана Јанева-Шемова и Туристички сојуз на Скопје за отстапениот простор.**

*КООПЕРАЦИЈА е самофинансирана група на автори отворени за соработка со други домашни и странски уметници.

# КАДЕ СЕ СИТЕ?




Симон Узуновски, *Глуварка*, 2013, апликација, селотејп на стакло

Мирна Арсовска, *Јас сум уметник верувај ми!*, 2013,
инсталација (чифт чевли, лед осветлување, натпис на хартија), 27x27x19 см

Христина Иваноска, *Црвено е револуција - меѓу поетичното и политичкото*, 2007,
серија од 6 колажи, 40x30 см

Александар Спасоски, *I'm from Macedonia*, 2013, инсталација, видео 1′30′′

ОПА, *Побарај компетентно лице!*, 2013, објект (49x8x8 см) и интеракција

Филип Јовановски, *Драгослав е ослободен, тој се враќа дома,
видно остарен и со безброј дилеми за сето она што се случуваше*, 2013, инсталација

Владимир Јанчевски, *Опција (Визуелна критика бр.2, 18/05/2012)*, 2013,
објект (дигитален принт на платно, медијапан), 34x148x20 см

Никола Узуновски, *Разбуди се!*, 2013, принт

Игор Сековски, *Црвот*, 2013, звучна инсталација

Борис Шемов, *Смелоскоп*, 2013, објект

Дијана Томиќ-Радевска, *Жонглер*, 2013, инсталација, 50x50x160 см

Ивана Драгшиќ, *9 фустани*, 2013, инсталација (фустани и закачалки)

Оливер Мусовиќ, *Идолатрија*, 2013, видео, 1′25′′

Игор Тошевски, *Алегорија за медот*, 2013,
дигитален принт на ПВЦ платно

Ѓорѓе Јовановиќ, *Секавање на работите што доаѓаат*, 2013,
просторен цртеж, комбинирана техника